Сабота (20.12.2014 г.) во 20 часот во новиот објект на велешкиот театар

Со премиера на претставата „Најважната работа на светот“ во режија на Љубиша Георгиевски, а по текст на Братислав Димитров вечерва (20.12.2014 г.) во 20 часот почнува со работа новиот објект на велешкиот театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“. Во претставата настапуваат актерите Васил Зафирчев, Зоран Љутков, целокупниот театарски ансамбл на велешкиот театар, како и гостите Ирена Ристиќ и Благоја Чоревски

Официјалниот почеток на работата на новата театарска зграда ќе биде одбележан со уште две премиери на оваа претстава - утре и задутре, а до крајот на месецот ќе има уште две репризни изведби. Од февруари следната година, велешкиот театар ќе продолжи со својот редовен репертоар.